Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
Бр. 02-581/6
22.03.2022 год.
Скопје

Врз основа на член 120 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија" бр. 82/2018), член 75 од Статутот на Филозофскиот факултет – Скопје (Универзитетски гласник бр.463/19), Деканатската управа на Филозофскиот факултет на својата IX редовна седница одржана на ден 24.II 2022 година, донесе

# О Д Л У К А

## за лектура на наслов на темата на магистерски и докторски трудови и на изработен магистерски и докторски труд

### I

Насловите на темите кои се доставени и предложени за изработка од страна на Наставно-научните колегиуми на втор циклус студии/советите на студиските програми на трет циклус студии, ќе се лекторираат пред внесување во дневниот ред предвиден за седница на Наставно-научниот совет на Факултетот и негово разгледување од Деканатската управа.

Наставно-научниот совет на Факултетот ќе работи и одлучува за прифаќање на тема за изработка на магистерски/докторски трудови само за наслови кои се лекторирани.

### II

Трошоците за лектурата на предложените теми за изработка на магистерски/докторски трудови од Наставно-научните колегиуми на втор циклус студии/советите на студиските програми на трет циклус студии ќе бидат од сопствени приходи на Факултетот.

### III

Студентот на кој му е прифатена темата согласно членот 1 од оваа одлука е должен магистерскиот/докторскиот труд да го лекторира.

Најдоцна до денот на одржување на седницата на Наставно-научниот совет на која треба да се усвои извештајот за одбрана на магистерски/докторски труд, кандидатот е должен да достави укоричен лекториран труд и потврда од лиценциран лектор.

Трошоците за лектурата на изработениот магистерски/докторски труд се на товар на кандидатот.

### IV

Се задолжува Одделението за општи и правни работи да ги достави предложените теми за магистерски/докторски трудови на лектура, до лиценциран лектор со кој Факултетот има склучено договор.

Се задолжува Одделението за студентски прашања да врши проверка за комплетноста на барањето согласно член 3 од оваа одлука.

### V

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Одлука да се достави на: деканот, продеканите, Одделението за студентски прашања, Одделението за финансиско, сметководствено и материјално работење, Одделението за правни и општи работи, ННС, координаторите, веб страната на Факултетот и архивата на Факултетот.

ДЕКАН
на Филозофскиот факултет

Проф. д-р Ратко Дуев

Изготвил: Ана Ј. Иванова
Одобрил: проф. д-р Оливер Бакрески